ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# Изложба на нефигуративните тенденции на 60-тите

Поставката под наслов „Нефигуративните тенденции на 60-тите“ во која се застапени скулптури, објекти и слики создавани во седмата деценија, е отворена во просториите на Музејот на современата уметност во Скопје и ќе трае до крајот на месецот. Од јуни до октомври изложбата ќе биде прикажана во Куманово и Титов Велес (јуни), Штип (јули), Битола (септември) и Прилеп (октомври).

Изборот на експонатите за изложбата е направен исклучиво од колекцијата на Музејот на современата уметност во кој беа депонирани најмногу уметнички дела од 60-тите години. Намерата на оваа изложба е да се презентираат настојувањата на седмата деценија и тогаш модерниот сензибилитет на светската сцена. Автор на поставката е Марика Бочварова Плавевска.

Н.М. 19.V.1992